16.05.2022

Архивски знак: ____________
Рок на чување: ____________ год.
____________ 20___ год.
Потпис.

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: / Pranuar: | 16-05-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. Org. | Број: / Numër: | Прилог: / Shtojcë | Вредност: / Vlerë: |
| УПЛ 03 - | 103 | | |

03/h

( Образец ПП……)

До
Министерство за култура
Ул. Ѓуро Ѓаковиќ бр. 61
1000 Скопје, Република Северна Македонија
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
Извештај УП1.бр.20-4511/2019 од 14.02.2020 година на Комисијата за музичката и музичко-сценската дејност со сите прилози, сите списи на предметот за Радио Буба Мара за проектот "Златна Бубамара на популарноста 23" по поднесена Пријава УП1 20-4511од 18.11.2019 година, Извештајот бр.20-1998/1 од 13.02.2019 година со сите прилози, Извештајот бр.20-1998/1 од 13.02.2020 година со сите прилози, Решение бр.53-12495/1 од 12.12.2019 година, Решение за измена бр.53-12493/4 од 24.12.2019 година, како и сите останати релевантни документи.
(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во Скопје Датум 06.05.2022 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
УП1 бр. 03-103
01.06 2022 год.

С к о п ј е

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна на од Скопје, УП1 бр. 03-103 од 16.05.2022 година, заменикот министер за култура го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** поднесено од страна на преку застапник/полномошник , УП1 бр. 03-103 од 16.05.2022 година (во натамошниот текст: барател на информација) до Министерството за култура **СЕ ПРИФАЌА.**

Со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот на информацијата се бара следната информација:

-Извештај УП1 бр.20-4511/2019 од 14.02.2020 година на Комисијата за музичка и музичко-сценска дејност со сите прилози, сите списи на предметот за Радио Буба Мара за проектот „Златна Буба Мара на популарноста 23" по поднесената пријава број УП1 20-4511 од 18.11.2019 година;

- Извештај бр.20-1998/1 од 13.02.2019 година со сите прилози;

- Извештај бр.20-1998/1 од 13.02.2020 година со сите прилози;

-Решение бр.53-12495/1 од 12.12.2019 година;

-Решение за измена бр.53-12493/4 од 24.12.2019 година, и

-Сите останати релевантни документи.

Барателот на информацијата побара информацијата да му биде доставена во електронска форма.

Министерството за култура на електронската адреса во прилог на ова решение доставува :

- Извештај за проект од областа на музичка и музичко-сценска дејност УП1 бр.20-4511/2019 од 14.02.2020 година;

-Збирен извештај од Комисијата за музичка и музичко-сценска дејност за 2020 година бр.20-1998/1 од 13.02.2020 година( Напомена – доставуваме фотокопија од прва страна од табеларен приказ и фотокопија од страна која се однесува на пријава УП1 бр.20-4511 од 18.11.2019 година за проектот „Златна Буба Мара на популарноста 23") ;

-Решение бр.53-12495/1 од 1212.2019 година;

-Решение за измена бр.53-12493/4 од 24.12.2019 година.

Напоменуваме дека побараниот документ „ Извештајот бр.20-1998/1 од 13.02.2019 година со сите прилози" не постои и не можеме да ви го доставиме.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

преку застапник/полномошни , поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под УП1 бр. 03-103 од 16.05.2021 година, со кое ја побара следната информација да му биде доставена во електронска форма:

-Извештај УП1 бр.20-4511/2019 од 14.02.2020 година на Комисијата за музичка и музичко сценска дејност со сите прилози, сите списи на предметот за Радио Буба Мара за проектот „Златна Буба Мара на популарноста 23" по поднесената пријава број УП1 20-4511 од 18.11.2019 година;

- Извештај бр.20-1998/1 од 13.02.2019 година со сите прилози;

- Извештај бр.20-1998/1 од 13.02.2020 година со сите прилози;

-Решение бр.53-12495/1 од 12.12.2019 година;

-Решение за измена бр.53-12493/4 од 24.12.2019 година, и

-Сите останати релевантни документи.

Постапувајќи по Барањето, а во согласност со членот 20 став (1) од Законот, според кој ако имателот на информацијата позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение, Министерството за култура одлучи како диспозитивот на ова Решение и **на Барателот на информацијата му ја даде** бараната информација содржана во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Согласно членот 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), против ова

Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура на __.__.2022 година, под УП1 бр. 03-103.

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР**

Daim Luci

Подготвил: Ана Кардула, службено лице

105

Упл 20-4511/2019
14.02.2020

Извештај за проект од областа на музичка и музичко-сценска дејност

а) Физичко лице б) Правно лице

Арх.бр. Упл 20-4511 од 08.11.2019

Учесник на конкурсот: Прима центар

Назив на проектот: Златна бубамара на популарноста

☑ Пријавата е доставена во рокот објавена во Годишните конкурси

☑ Пријавата е доставена во печатена форма

☐ Пријавата е доставена во образец кој е составен дел на Годишните конкурси

| Задолжителни документи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Физичко лице | | | Правно лице | | |
| Државјанство/копија од лична карта | ДА | НЕ | ДРД/Тековна состојба/Решение: | ДА | НЕ |
| Изјави од др. соработници/учесници | ДА | НЕ | Изјави од др. соработници/учесници | ДА | НЕ |
| Регулирани авторски права, ако од проектот произлегува обврска за регулирање на права | ДА | НЕ | Регулирани авторски права, ако од проектот произлегува обврска за регулирање на права | ДА | НЕ |
| Други задолжителни документи или дополнителни документи во прилог на Пријавата | | | | | |
| Биографии | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

*Овој дел го пополнува лице вработено во МК Проверил:

ИСКУСТВО

- За правни лица, година на регистрација на субјектот: 10; Бодови според стекнато искуство 10

- За физички лица, од портфолио се гледа прва професионална изведба: –;
Бодови според стекнатото искуството

- Добиени награди или други показатели на успешност (можат да бидат во опис, портфолио или прилог на пријавата- ДА / НЕ

Вкупно бодови од овој дел 20/20

-Проекти кои ќе овозможат правично и достоинствено валоризирање на непрепознаениот уметнички труд и трудот на културните работници
-Проекти кои иницираат зголемена партиципација на јавноста - интерактивност, активна публика
-Проекти наменети за лица од посебни категории (лица со посебни потреби, или социјално-ранливи категории и сл.).
-Проекти кои поддржуваат соработка меѓу домашни автори (на музика, текст, аранжман, изведба, кореографија, драматургија и сл.).
-Истражувачки проекти со апликативна вредност кои прават пресек на одредени појави и тенденции и имаат историски, проблемски, тематски, стилски или тековни толкувања на домашната и на светската музичка и музичко-сценска уметност.
-Тематски едукативни работилници/семинари/проекти за развој и афирмација на музичката и музичко-сценската уметност.

4. Резиденцијални престои во Република Северна Македонија
-Проекти кои подразбираат реципроцитет со соодветни институции/установи или со други партнери во странство со што би се овозможило презентирање на значајни автори од меѓународната сцена кај нас.
-Проекти кои поддржуваат соработка меѓу домашни автори (на музика, текст, аранжман, изведба, кореографија, драматургија и сл.).

5. Аудиовизуелна продукција и издаваштво
-Проекти кои стимулираат нови музички аудио изданија.
-Проекти кои стимулираат создавање на нова литература (од истражувачки, теориски, критички карактер) во музичката и музичко-сценската дејност
-Проекти кои поддржуваат издавање на списанија во печатена и во електронска форма кои промовираат квалитетни информативни и образовни содржини од современата музичка и музичко-сценска дејност.
-Проекти кои стимулираат креирање на јавно достапни архиви и збирки кои опфаќаат реномирани музички и сценски творци од домашната и од меѓународната сцена.

6. Културно-уметнички манифестации и фестивали
-Квалитетни проекти кои вклучуваат современи дела од домашни и од странски автори и нивна изведба од домашни изведувачи.
-Проекти кои во изминатиот период покажале професионален и квалитетен програмски континуитет.
-Проекти кои стимулираат развој на современа рок, џез и електронскамузика.

ЗАБЕЛЕШКИ/ НАРАТИВЕН ДЕЛ:

Предлог финансирање:_______________

_______________,претседател на Комисијата

_______________,член

_______________, член

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

Бр. 20-1998/1
13.02 2020 год.

Скопје

# ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ
# ОД КОМИСИЈАТА ЗА МУЗИЧКА И МУЗИЧКО-СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ ЗА 2020 ГОДИНА
# СО ПРЕДЛОЗИ ЗА ПРОЕКТИТЕ ШТО ТРЕБА ДА БИДАТ ИЗБРАНИ, ИЗНОСОТ НА ПОТРЕБНИТЕ СРЕДСТВА И ПРОЕКТИТЕ ШТО ТРЕБА ДА БИДАТ ОДБИЕНИ СО ОБРАЗЛОЖЕНИ ПРИЧИНИ ЗА НИВНОТО ОДБИВАЊЕ

## ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОТФРЛЕНИ ПРИЈАВИ
## ОД ОБЛАСТА НА МУЗИЧКА И МУЗИЧКО-СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ ЗА 2020 ГОДИНА

# Музичко, музичка сценска дејност 2020 година

| | УП број и датум на пријава | назив на учесникот на конкурсот | наслов на проектот | ПОБАРАНИ ОД МК | ОДОБРЕНИ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | УП1 20-1437 од 06.11.2019 | Општина Берово - Берово | ЛЕТНА КУЛТУРА ЗА БЕРОВО | 1,500,000 | 600,000 |
| 2 | УП1 20-1444 од 06.11.2019 | Општина Штип | Фестивал на музика МАКФЕСТ 2020 -Штип | 3,500,000 | 2,000,000 |
| 3 | УП1 20- 1296 од 05.11.2019 | ЈУ Културно Информативен Центар-Скопје | Звуците на Чаршијата 2020 | 1,500,000 | 500,000 |
| 4 | УП1 20- 1622 од 08.11.2019 | ЈОУ Дом на култура „Македонија“-Гевгелија | Св. Трифун, од лоза до вино | 270,000 | 100,000 |
| 5 | УП1 20- 2720 од 08.11.2019 | Општина Пехчево | Фестивал на дувачки оркестри и Етно саем Пехчевски Павловден -Пехчево 2020 | 1,525,200 | 300,000 |
| 6 | УП1 20- 4258 од 08.11.2019 | ОУ Дом на култура „Злетовски Рудар“-Пробиштип | Фестивал на изворна македонска песна "Етно фестивал 2020" | 100,000 | 50,000 |
| 7 | УП1 20- 1884 од 08.11.2019 | ЈУ МКЦ-Скопје | Здраво млади-фестивал на нова музика | 2,000,000 | 300,000 |
| 8 | УП1 20- 1885 од 08.11.2019 | ЈУ МКЦ-Скопје | Годишен Концерт во МКЦ, Скопје | 900,000 | 200,000 |
| 9 | УП1 20-1264 од 05.11.2019 | Установа за уметнички дејности СКОПСКИ ЏЕЗ ФЕСТИВАЛ - Скопје | 39 издание на Скопје Џез Фестивал | 6,000,000 | 5,000,000 |
| 10 | УП1 20-1263 од 05.11.2019 | Установа за уметнички дејности СКОПСКИ ЏЕЗ ФЕСТИВАЛ - Скопје | 19 издание на фестивалот ОФфест | 5.000.000 | 2,500,000 |
| 11 | УП1 20-2778 од 08.11.2019 | XXIX Интерфест -Битола, Интернационален фестивал на класична музика | XXIX Интерфест -Битола | 4,330,000 | 2,000,000 |
| 12 | УП1 20-2886 од 08.11.2019 | Интерарт Културен Центар | Танц фест Скопје 2020 - шеснаесетто издание на фестивалот | 6,000,000 | 3,500,000 |
| 13 | УП1 20- 3495 од 08.11.2019 | Сојуз на композитори на Македонија-СОКОМ | фестивал ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА МУЗИКА-2020 (43 ИЗДАНИЕ) | 4,651,200 | 3,000,000 |
| 14 | УП1 20- 2011 од 08.11.2019 | КУД Алегрето | Сцена на Албанската Сериозна Музика(Сцена) | 5,470,000 | 3,000,000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 61 | УП 1 20-2948 од 08.11.2019 | Здружение Совет за грижи и воспитување на децата на град Скопје | Фестивал на детска песна Златно славејче 2020 | 3,500,000 | 600,000 |
| 62 | УП1 20-2967 од 08.11.2019 | ИЗИБИЗИ ДООЕЛ Скопје | ФЕСТ 2020 ОХРИД | 7,629,270 | 800,000 |
| 63 | УП 1 20-3472 од 08.11.2019 | Младинска културна асоцијација на бошњаците -Шадрван | Бошњачка вечер на севдахот | 76,000 | 50,000 |
| 64 | УП 1 20-4086 од 08.11.2019 | АВАНТГАРДЕ ААЉ ДООЕЛ | НОТА ФЕСТ 2020 | 3,462,250 | 2,000,000 |
| 65 | УП 1 20-3658 од 08.11.2019 | Здружение на граѓани Битрикс Кру | Битрикс Спешлс бр 3 -отворени танцови работилници | 260,000 | 150,000 |
| 66 | УП 1 20-4181 од 08.11.2019 | Здружение за култура и уметност ТАКСИРАТ | Таксират фестивал 22 | 6,000,000 | 2,000,000 |
| 67 | УП 1 20-4551 од 8.11.2019 | Здружение за култура АКСЕС-Скопје | Rock Roots | 1,420,000 | 400,000 |
| 68 | УП 1 20-4549 од 08.11.2019 | Здружение за рурален развој СУППОРТ с.Жубрино Кичево | Valet e Ligenit (Езерски Бранови) | 2,986,000 | 400,000 |
| 69 | УП 1 20-2852 од 08.11.2019 | Општинско основно училиште оому Боро Џони-Струмица | Концерт по маски2020 мјузикл(10 год Јубилеј) | 652,622 | 200,000 |
| 70 | УП 1 20-2225 од 08.11.2019 | Здружение на граѓани фестивал охрид те сакам | музички фестивал Охрид те сакам | 390,000 | 250,000 |
| 71 | УП 1 20-2884 од 08.11.2019 | ИНТЕРАРТ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР | Скопје танцов театар -Годишна програма 2020-Јубилеј 30години кореографско творештво наРисима Рисимкин | 1,500,000 | 1,000,000 |
| 72 | УП 1 20-5073 од 08.11.2019 | Здружение за култура и уметност УРБАН 1-Скопје | Концерт на Бесарта Мургезани | 920,000 | 350,000 |
| 73 | УП 1 20-5051 од 08.11.2019 | СОЈУЗ НА МУЗИЧКИ УМЕТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА-СМУМ | Фестивал Златна Лира -2020 | 731,300 | 500,000 |
| 74 | УП 1 20-5129 од 08.11.2019 | Здружение ЕНХАЛОН-Струга | 40 години со Фисникет | 1,100,000 | 350,000 |
| 75 | УП 1 20-5065 од 08.11.2019 | Здружение за модерни танци ИТ ДА БИТ-Скопје | Организација на меѓународен танц натпревар -Денс Оф 2020 | 1,681,500 | 700,000 |
| 76 | УП1 20-4511 од 08.11.2019 | ПРИМА ЦЕНТАР Скопје ТРД БУБА МАРА-Скопје | Златна бубамара на популарноста 23 | 2,950,000 | 300,000 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Бр.53- 12495/1
12.12. 2019 год.

Скопје

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 96/19,110/19 и 154/19) а во врска со член 11 ставови (4) и (5) и член 63 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура го донесе следново:

# РЕШЕНИЕ

## за формирање стручна комисија за разгледување на пристигнатите пријави по Годишниот Конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2020 година од областа на музичката и музичко-сценската дејност и на пристигнатите проекти од Нацрт-годишните програми на националните установи од областа на музичката и музичко-сценската дејност за 2020 година

### Член 1

Со ова решение се формира стручна комисија за разгледување на пристигнатите пријави по Годишниот Конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2020 година од областа на музичката и музичко-сценската дејност и на пристигнатите проекти од Нацрт-годишните програми на националните установи од областа на музичката и музичко-сценската дејност за 2020 година, како стручно и советодавно тело на министерот за култура (во натамошниот текст: Комисијата) со следниот состав:

1. Весна Гиновска Илкова - претседател;
2. Ментор Сулејмани - член
3. Плеурат Гаши - член;

### Член 2

Комисијата ги има следните задачи:

- да ги разгледа доставените пријави по Годишениот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2020 година од областа на музичката и музичко-сценската дејност и доставените проекти од нацрт-годишните програми на националните установи за 2020 година од областа на музичката и музичко-сценската дејност, објавен на ден 30.09.2019 година, на веб-

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно членот 11 ставови (4) и (5) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура за прашања од надлежност на Министерството за култура или реализација на определени проекти од национален интерес во културата, може да формира и советодавни тела и да ангажира надворешни соработници согласно закон. На надворешните соработници за работата им следува соодветен надомест, што го оределува министерот за култура.

Министерството за култура на 30.09.2019 година на веб-локацијата на Министерството за култура (www.kultura.gov.mk) и во дневните весници „Вечер " и „Лајм " објави Годишен Конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на музичката и музичко-сценската дејност за 2020 година.

Согласно членот 63 од Законот за културата, оцена на пријавите за финансирање проекти од годишните конкурси вршат стручни комисии, односно надворешни соработници на министерот за култура.

Со Законот е утврдено дека претседателот и членовите на комисиите, односно надворешните соработници се должни да достават писмена изјава дека немаат судир на интереси во однос на пристигнатите пријави на годишните конкурси.

Според членот 63 став (4) од Законот, комисиите и надворешните соработници се должни да достават до министерот за култура извештај со предлози за проектите што треба да бидат избрани, износот на потребните средства и проектите што треба да бидат одбиени со образложени причини за нивното одбивање.

Имајќи го предвид напред наведеното, министерот за култура одлучи како во диспозитивот на ова решение.

МИНИСТЕР

Dr. Hysni Ismaili

53/Подготвил: Дијана Муслиу, советник
Одобри: Фросина Ѓоршовска, рак.на одделение
Контролира: Afan Elezi, посебен советник
Согласни: Магдалена Диковска, рак.на сектор
Весна Илиевска, држ.советник

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Бр.53-12493/ 4
24 12 2019 год.

Скопје

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19,110/19 и 154/19) а во врска со член 11 ставови (4) и (5) и член 63 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и Решението за фомирање стручна комисија за разгледување на пристигнатите пријави по Годишниот Конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на музичката и музичко-сценската дејност за 2020 година и на пристигнатите проекти од Нацрт-годишните програми на националните установи од областа на музичката и музичко-сценската дејност за 2020 година, бр.53-12495/1 од 12.11.2019 година, министерот за култура го донесе следново:

## РЕШЕНИЕ

**за изменување на Решението за фомирање стручна комисија за разгледување на пристигнатите пријави по Годишниот Конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на музичката и музичко-сценската дејност за 2020 година и на пристигнатите проекти од Нацрт-годишните програми на националните установи од областа на музичката и музичко-сценската дејност за 2020 година**

### Член 1

Во Решението за фомирање стручна комисија за разгледување на пристигнатите пријави по Годишниот Конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на музичката и музичко-сценската дејност за 2020 година и на пристигнатите проекти од Нацрт-годишните програми на националните установи од областа на музичката и музичко-сценската дејност, бр.53-12495/1 од 12.11.2019 година, во членот 1 се врши следната измена:

- Весна Гиновска Илкова, се разрешува од претседател на Комисијата;

-Јане Бакевски, се именува за претседател на Комисијата;

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

МИНИСТЕР

Dr. Hysni Ismaili

53/Подготвил: Дијана Муслиу, советник
Согласна: Фросина Ѓоршовска, рак.на одделение
Контролира: Afan Elezi, посебен советник
Согласни:Магдалена Диковска, рак.на сектор
Весна Илиевска, држ.советник